## КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на Член 3 и Член 4 од Законот за вршење на психолошка дејност („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 6/05 од 28 Јануари, 2005 год.) и Член 33 од Статутот на Комората на психолози на Република Македонија Собранието на Комората на својата седница одржана на23.06. 2008 го донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ОД СТРАНА НА КОМОРАТА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Со овој Правилник за издавање, обновување и одземање на лиценца од страна на Комората на психолози на Р. Македонија (во продолжение на текстот Правилник) се одредуваат условите, начинот и постапката за издавање, обновување и одземање на лиценца на психолозите членови на Комората на психолози на Р. Македонија (во продолжение на текстот: Комора).

## I. ЛИЦЕНЦА

**Член 2**

Лиценцата е јавна исправа која се издава во согласност со Членот 6. од Законот за вршење на психолошка дејност, на основа на која психолозите вршат психолошка дејност согласно Член 3. и Член 4. од Законот за вршење на психолошка дејност.

Лиценцата може да биде општа и посебна.

Лиценцата мора да содржи:

- Име на Комората;
- Датум и место на издавање;
- Број на лиценца;
- Број на решението врз основа на кое се издава лиценцата;
- Име и презиме на психологот;
- Стручен назив и академска титула на психологот;
- Регистерски број на психологот од Регистерот на Комората;
- Стручното подрачје за кое се издава посебната лиценца;
- Потпис на Претседтелот на Комората.

Одлука за облик и изглед на лиценцата донесува Управниот одбор.

**Член 3**

За издавање на лиценца се именуваат Комисии за општи лиценци и Комисии за посебни лиценци.

Комисиите од ставот 1. на овој Член одлучуваат за издавањето и обновувањето на лиценците.

Комисијата за општи лиценци ја сочинуваат 3 членови од кои еден со академска титула, еден со стручна титула и еден психолог од пракса. Еден од тројцата членови задолжително е психолог вработен во организација во внатрешноста на Р. Македонија. Членовите се именуваат од листата на психолози, а ги именува Управниот одбор на Комората.

Комисијата за посебни лиценци ја сочинуваат 3 членови од кои еден со академска титула, еден со стручна титула и еден психолог од пракса. Еден од тројцата членови задолжително е психолог вработен во организација во внатрешноста на Р. Македонија, во подрачјето од психолошката дејност за кое се издава посебната лиценца. Членовите на Комисијата се избираат од листата на стручњаци од подрачјето за кое се издава посебна лиценца, а ги именува Управниот одбор.

Членовите на Комисијата за посебни лиценци мора да исполнуваат услов односно да имаат право на посебна лиценца од различни подрачја на психолошката дејност.

Комисиите се формираат и именуваат според потребата.

Листата на стручњаци се составува од страна на членовите на Управен одбор.

Се составуваат три листи на стручњаци и тоа од подрачјето на применета психологија во здравство, во образование и во област на труд и социјлна работа.

Право да бидат дел од листата на стручњаци имаат сите членови на Комората кои ги исполнуваат условите од ставот 5 на овој член.

## II. ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

### Член 4

Комората издава општа лиценца на психологот после положен стручен испит и упис во Регистерот на членови на Комората.

Психологот се стекнува со право да полага стручен испит после обавен стаж во вршење на психолошка дејност во траење од 1 година.

Програмата и инстуитуциите во кои ќе се обавува стажот на психологот ги одредува Управниот одбор на Комората и истите јавно ги објавува.

Психологот кој уредно го обавил стажот има право да се пријави за полагање на стручен испит за што е потребно да ги приложи следните документи:

- Пријава за полагање на стручен испит.
- Потврда за уредно обавен стаж.
- Уверение за завршен факултет и стекнато звање психолог.
- Уверение за државјанство на Р. Македонија.
- Доказ за подмирени финансиски обврски кон Комората – уплатница по основ издавање на лиценца.
- Кратка биографија.
- Мотивационо писмо.

Документацијата се доставува во оригинал или нотарски заверена фотокопија.

Психологот кој поднел пријава за полагање на стручен испит се известува во рок од 15 дена за терминот на полагање на стручниот испит.

Испитот се отценува со положил/паднал. Кандидатите кои положиле ќе добијат Уверение за положен стручен испит кое го издава Комисијата за општи лиценци.

### Член 5

После положениот стручен испит психологот се запишува во Комората и поднесува барање за издавање на општа лиценца.

Барањето се поднесува во рок од 15 дена од денот на полагање на стручниот испит.

Со барањето задолжително се приложува и:

- Уверение за положен стручен испит – во оригинал или нотарски заверена фотокопија.

По основ на приложеното барање за издавање на општа лиценца за вршење на психолошка дејност Претседателот на Комората донесува Решение за издавање на лиценца. Општа лиценца за вршење на психолошка дејност се издава во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

### Член 6

Психолозите кои имаат најмалку една година работен стаж во вршење на психолошка дејност во моментот на започнување со издавање на лиценци од страна на Комората согласно Членот 47. од Законот за вршење на психолошка дејност се ослободени од обавување на приправнички стаж.

За полагање на стручен испит ја приложуваат документацијата согласно Членот 4. од овој Правилник, со исклучок на Потврдата за уредно обавен приправнички стаж која се заменува со Потврда за работен стаж во вршење на психолошка дејност во период од најмалку една година.

**Член 7**

Психолозите кои имаат најмалку пет години работен стаж во вршење на психолошка дејност во моментот на започнување со издавање на лиценци согласно Членот 47 од Законот за вршење на психолошка дејност се ослободени од полагање на стручен испит и можат да го остварат своето право на добивање на лиценца за вршење на психолошка дејност со приложување на следната документација:

- Барање за издавање на општа лиценца за вршење на психолошка дејност.
- Уверение за завршен факултет и стекнато звање психолог.
- Потврда за работен стаж во вршење на психолошка дејност, во траење од најмалку пет години.
- Државјанство на Р.Македонија.
- Доказ за подмирени финансиски обврски кон Комората – уплатница по основ издавање на лиценца.

**Член 8**

Комората издава посебна лиценца на психологот за вршење на психолошка дејност која не е опфатена со додипломското образование и опфаќа поспецифични стручни облици на работа во областа на клиничката, здравствената, пенолошката, судската, воената, педагошката и школската психологија, трудовата психологија, психологијата на спорт, социјалната заштита, професионална ориентација и медицината на трудот, како и други области во кои постои потреба за поспецифични стручни облици на работа, за што одлука донесува Собранието на основа на стручен елаборат.

Психологот кој сака да стекне посебна лиценца мора да ги исполнува следните критериуми:

- Да поседува општа лиценца;
- Да има завршено соодветно оспособување во установа со адекватна програма;

Собранието на основа на стручен елаборат ќе пропише работни места за кои е потребна посебна лиценца, ќе донесе програма за оспособување на психологот за тие работни места и ќе одреди установи во кои тие програми ќе се спроведуваат.

Согласно Член 47. став 4. од Законот за вршење на психолошка дејност, психолозите кои на денот на основањето на Комората вршат поспецифични стручни облици на работа, согласно став 1. на овој Член, се стекнуваат со право за добивање на посебна лиценца.

**Член 9**

Ако психологот стекнал звање во соодветна образовна институција во друга земја потребно е покрај барањето, да приложи и:

- диплома за завршен факултет и стекнато звање психолог.
- нострификација на дипломата,
- доказ за положен или признат стручен испит од страна на надлежното министерство,

Документацијата се поднесува во оригинал или нотарски заверена фотокопија.

**Член 10**

Ако психологот ги исполнува условите за посебна лиценаца поднесува барање за издавање на посебна лиценца.

**Член 11**

Доколку при поднесување на пријава за полагање на стручен испит или барање за издавање на лиценца, подносителот не ја поднесе комплетната докуметација, пријавата или барањето не се прима се додека не ги комплетира.

**Член 12**

Врз основа на решение на Претседателот на Комората, Комората издава лиценца за вршење на психолошка дејност.

**Член 13**

Странски државјани психолози кои бараат привремено или трајно издавање на лиценца во Република Македонија обврзани се, со барањето за издавање на лиценца освен документацијата од Членот 7. со исклучок на ставката Уверение за државјанство на Р.Македонија и Членот 9. на овој Правилник, да приложат и документација за одредените важечки прописи за работа на странец во Република Македонија, потврда за членство во матичната Комора или друга соодветна по статус организација, потврда за почитување на одредбите на Етичкиот кодекс на психолозите, како и доказ дека против психологот не се води никаква судска или дисциплинска постапка.

## III. ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

**Член 14**

Членот на Комората е обврзан да поднесе барање за обновување на лиценца најкасно 30 дена пред истекот на рокот од 7 години од добивањето на лиценцата.

Со барањето треба да приложи докази за исполнување на условите за обновување на лиценца во согласност со Правилникот за содржината, роковите и постапките за стручно усовршување, проверка на стручноста на психологот и пријава на стручен собир за усовршување на психолозите.

**Член 15**

Комисиите за лиценци одлучуваат по барањето од Членот 13 на овој Правилник, во рок од 30 дена од приемот на барањето.

Ако Комисијата утврди дека барањето е непотполно ќе го контактира подносителот да го комплетира барањето во рок од 15 дена од приемот на информацијата за комплетирање на барањето.

Во случај подносителот да не го комплетира барањето во рокот одреден со став 2. од овој Член Комисијата ќе предложи на Управниот одбор да донесе одлука за привремено одземање на лиценцата.

На основа на одлуката на Комисијата за лиценци Претседателот на Комората издава Решение за обновување на лиценца и лиценца или на основа на одлуката на Управниот одбор Решение за привремено одземање на лиценцата.

## IV. ВОЗРАСНА ГРАНИЦА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

**Член 16**

После навршени 70 години живот психологот е должен на секои 2 години да обавува здравствен преглед со цел утврдување на општата работна способност.

Психологот од ставот 1. на овој Член  на секои 2 години поднесува барање за обновување на лиценца со кое задолжително приложува доказ за континуирано усовршување во претходните 24 месеци и здравствено уверение за општа работна способност.

## V. ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

**Член 17**

Комората може да му ја одземи на психологот општата и посебна лиценца ако:

- Во пропишаниот рок не ја обнови лиценцата;
- Ги повреди одредбите на Законот за вршење на психолошка дејност;
- Го повреди Етичкиот Кодекс на психолози на Република Македонија;
- Психолошката дејност ја врши нестручно поради незнаење или немарност;
- Во вршењето на психолошката дејност сторил кривично дело за кое со правосилна пресуда му е изречена казна затвор над шест месеци.

За одземање на лиценца во случаи кога членот не ги исполнува обврските на задолжително стручно усовршување одлучува Управниот одбор на Комората по основ на предлог на Комисијата за лиценци.

Ако лиценцата се одзема во дисциплинска постапка по основ на жалбата на првостепената одлука, второстепено одлучува Судот на честа.

**Член 18**

Членот на Комората е обврзан во рок од 15 дена по истекот на временскиот период на кој му е привремено одземена лиценцата да поднесе барање за обновување на лиценца. Со барањето потребно е да приложи и доказ дека ги исполнува условите за продолжување на лиценца. Ако условите се исполнети, лиценцата се издава со важење од првиот нареден ден од денот на истекување на временскиот период за кој му е привремено одземена лиценцата.

Ако не се исполнети условите за обновување на лиценцата Комисијата за лиценци предлага до Управниот одбор да се продолжи привременото одземање на лиценцата.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Управниот одбор е должен да изработи услови и критериуми за примена на став 3. Член 4. од Законот за вршење на психолошка дејност во рок од 6 месеци од денот на стапување на сила на овој Правилник.

**Член 20**

Измените и дополненијата на овој Правилник се донесуваат по истата постапка како што се донесува и Правилникот.

**Член 21**

Овој Правилник стапува на сила по донесувањето од страна на Собранието на Комората.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**